# Извештај за транспарентност за 2019 година

**ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО**

**Скопје, 31 март 2020**

# Вовед

Извештајот за транспарентност на Друштвото за ревизорски услуги ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО - Скопје (Друштвото) е изготвен и објавен во согласност со член 35 од Законот за ревизија ("Службен весник на РСМ" бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018) и насоките за подготовка на извештајот за транспарентност издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (СУНРРСМ).

Извештајот ги содржи следните податоци:

1. Правна структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. Професионална мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
3. Управувачка структура на друштвото за ревизија;
4. Внатрешен систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија;
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот;
6. Список на субјекти на кои е извршена законска и договорна ревизија во текот на претходната година;
7. Концепт на независното работење на друштвото
8. Континуирано професионални усовршување
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги;
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор;
11. **Прилог 1** - Изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на систем за контрола на квалитет;
12. **Прилог 2** - Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени; и
13. **Прилог 3** - Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година.



# 1. Правна структура и сопственост на друштвото за ревизија

Друштвото за ревизорски услуги ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО - Скопје е основано како друштво со ограничена одговорност на 03 март 2008 година, под МБ 6333370, со регистрирано седиште на Булевар 8ми Септември бр.16; ДЦ – Хипериум/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Во правниот промет Друштвото истапува во свое име и за своја сметка, а за сторените обврски одговора со сиот свој имот и средства. Главна приходна шифра на Друштвото е 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

Друштвото е член на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, регистрирано под број ДР002 во регистарот при Институтот, лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата број 07-245/1 од 07.06.2013 година, со регистарски број на лиценца 03.

Во согласност со законот за ревизија и професионалните стандарди на PwC групацијата, Друштвото поседува соодветна Полиса за осигурување од Евролинк Осигурување АД - Скопје. Полисата е со бр. 1303100001941 за осигурување од професионална одговорност за периодот од 29.01.2020 до 29.01.2021 година со вкупна осигурена сума од 24.600.000 МКД. Исто така Друштвото има полиса од Евролинк Осигурување АД – Скопје со бр. 13040000937/00 која е четиринаесетто продолжување на основната полиса 13001000337 од професионална одговорност за периодот од 01.07.2019 до 01.07.2020 година со вкупна осигурена сума од 10.000.000 УСД.

Вкупниот број на професионален кадар со 31 декември 2019 година е 41 вработени, од кои 7 овластени ревизори и 34 вработени. Од вкупниот број на професионален кадар со 31 декември 2019 година, 8 вработени се на определено работно време, останатите 33 се на полно и неопределено работно време.

Вкупниот број на професионален кадар со 31 март 2020 година е 40 вработени, од кои 6 овластени ревизори и 34 вработени. Од вкупниот број на професионален кадар со 31 март 2020 година, 9 вработени се на определено работно време од кои еден вработен со неполно работно време, останатите 31 се на полно и неопределено работно време.

Сопственичката структура, основната главнина и поединечното процентуално учество на содружниците се регистрирани во согласност со Законот за трговски друштва и се јавно достапни во Централниот регистар.

Друштвото за ревизорско консултантски услуги ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО - Скопје е основано со основна главнина од 5.000 ЕУР, паричен и уплатен влог со следното содружничко учество:

- ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ - Скопје – 2.450 ЕУР односно 49% учество;
- Драган Давитков, овластен ревизор – 850 ЕУР со 17% учество;
- Симе Јовановски, овластен ревизор – 850 ЕУР со 17% учество;
- Александра Кузмановска, овластен ревизор – 850 ЕУР со 17% учество.

*(продолжува на следната страна)*



Друштвото го застапуваат **двајца** управители:

- **Петко Живков Димитров**
- **Драган Давитков**

Друштвото нема регистрирани подружници во државата, додека во странство има една регистрирана подружница со 100% учество во основачкиот влог - ПрајсвотерхаусКуперс ДОО Сараево, со седиште на ул. Фра Анџела Звиздовича 1, 71000 Сараево, Федерација БиХ.

Друштвото спаѓа во група на капитално поврзани субјекти во државата и странство, со следната структура:

- Друштвото ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ - Скопје, со седиште на Булевар 8ми Септември бр.16; ДЦ – Хипериум/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, поседува 49% од капиталот на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Истото друштво ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ - Скопје поседува 100% од капиталот на ПрајсвотерхаусКуперс такс и адвизори ДОО Сараево, со седиште на ул. Фра Анџела Звиздовича 1, 71000 Сараево, Федерација БиХ и претставува подружница на ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ - Скопје.



## 2. Професионална мрежа и правни структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Крајни сопственици на Друштвото се партнери на Друштвата PwC во централна и источна Европа. Друштвото заедно со други PwC фирми во светот, е член на PricewaterhouseCoopers International Limited ("ПрајсвотерхаусКуперс Интернешнл/PwC Интернешнл") компанија со ограничена одговорност регистрирана во Англија. PwC Интернешнл е столб на членките на меѓународната мрежа на PwC компании и не е ангажиран во обезбедувањето на услуги на клиенти. Основни активности на компанијата PwC Интернешнл се идентификување на различни можности на пазарот и развивање стратегии за нивно спроведување; јакнење на мрежата на интерни производи; подобрување на знаењето и вештините на професионалци во рамките на мрежата; презентирање на PwC брендот, создавање стандарди на управување со ризикот и квалитетот во работата и нивна примена од страна на членките на меѓународната мрежа PwC, како и работење во согласност со стандардите за независност и професионалност.

Членките на PwC Интернешнл не дејствуваат како застапници на компанијата PwC Интернешнл при давање на услуги на клиентите ниту во други услови, а со тоа ниту PwC Интернешнл не дејствува како застапник на своите компании членки.

Друштвото соработува со другите фирми членки од централна и источна Европа и други земји низ целиот свет за да се овозможат услуги на локални и заеднички меѓународни клиенти кои работат во нашиот регион. Оваа соработка е организирана преку регионално управување со тим, кој во прилог на обезбедување на усогласеност со политиките и постапките на PwC Интернешнл на регионалните фирми, овозможува делење на ресурси, спроведување на политики за управување со ризици и стандарди за квалитет.

Секоја членка, исто така, има своја локална структура за управување во согласност со законските барања и барањата на бизнисот. Оваа правна структура и мрежна организација и даваат на секоја членка фирма флексибилност и автономија за брзо и ефикасно да одговори на барањата на локалниот пазар.

Кога едно друштво станува член на PwC Интернешнл и се приклучува на глобалната мрежа, се здобива со правото на користење на името PwC (PricewaterhouseCoopers/PwC) и добива пристап до заеднички ресурси, методологии, знаења и искуства. За возврат, секоја фирма се обврзува да ги почитува заедничките политики и одржување на стандарди за квалитет кои се одобрени од страна на администрацијата на PwC Интернешнл.

Глобалната мрежа на PwC создава платформа во која членките споделуваат знаења, вештини и ресурси за клиентите за обезбедување висок квалитет на услугите. PwC членките во сите земји имаат заедничка методологија, база на знаење, технологија и пристап до високо специјализирана стручност и нови напредни идеи.

PwC претставува мрежа на фирми во 157 држави со повеќе од 276.000 вработени луѓе кои се посветени да обезбедат квалитетни ревизорски, даночни и консултантски услуги.
Остварениот вкупен приход на глобално ниво е 42.4 милијарди УСД (*информацијата е од 30.06.2019).*

Повеќе информации може да се најдат на нашата интернет страница **www.pwc.com**.

# 3. Управувачка структура на друштвото за ревизија

Во рамките на групата на земјите членки на PwC централна и источна Европа, што опфаќа 29 земји, воспоставен е матричен систем на управување. На секои четири години секој партнер има право да гласа на изборите за извршен директор, кој формира регионален Управен одбор во чиј состав влегуваат главните извршни и оперативни лидери од функционалните и бизнис линии. Регионалниот Управен одбор е одговорен за дефинирање на општите цели на работењето и усогласеност на работењето со политиките на PwC Интернешнл.

Политиката и целите на работењето на секоја главна бизнис линија (сектор за ревизија, сектор за даночно, правно и сметководствено советување и консултантски услуги) се поставени од страна на тим за управување со соодветната бизнис линија.

Надзор над работата на регионалниот Управен одбор се врши во име на партнерот преку избраниот Регионален совет на партнери кој има блиска соработка со регионалните кластери и врши одобрување на клучните политики и одлуки кои влијаат на сите партнери и PwC членки.

Локално, согласно Законот за трговски друштва и статутот за основање на Друштвото, управувачката структура на Друштвото е следна:

- Собир на содружници кој се состои од сите сопственици наведени погоре, и
- Управителите на Друштвото избрани со одлука на собирот на содружници.



# 4. Внатрешен систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија

Системот за контрола на квалитетот е воспоставен во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 (ISQC 1), според кој Друштвото треба да воспостави систем на контрола на квалитетот, дизајниран на начин кој ќе обезбеди разумна сигурност дека Друштвото и неговите вработени се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања  и дека издадените извештаи се соодветни на дадените околности.

Во текот на извршување на ревизијата или поврзани услуги за поодделни ангажмани, Друштвото работи во согласност со методологијата на PwC која е воспоставена на глобално ниво, а е во согласност со меѓународните стандарди за контрола на квалитет, ревизија, проверка и други ангажмани за уверување и поврзани услуги.

Друштвото работи во согласност со политиките за управување со ризици (користејќи Матриск - алатка, која е направена во согласност со методологијата на PwC и Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 - ISQC 1), интернет систем развиен за прашања поврзани со независноста при работењето, стандардиповрзани за човечки ресурси итн.  Друштвото ги има воспоставено следните процедури, како дел од Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 - ISQC 1:

- **Прифаќање и континуитет со клиентот**

Примарна постапка на нашата ревизорска методологија, претставува процесот на прифаќање и континуитет со клиентот, во кој со помош на електронски алатки се врши оцена на деловниот и другите ризици и услови во кои делува клиентот. Оваа оцена е примарна во процесот на одлучување за прифаќање на клиентот или континуитет на претходно прифатените клиенти. Во процесот на прифаќање и континуираност, најмногу влијание се посветува на интерните контроли на клиентот, интегритетот на раководството, континуитетот на операциите и ризикот од измами и кражби.

- **Мобилизирање**

Процесот на мобилизација, започнува со одредување на поединци, кои со своите квалитети се способни за ефикасно извршување на ревизиите или слични услуги. Во зависност од комплексноста на услугата, тимот вклучува специјалисти од повеќе области, вклучувајќи но не и ограничувајќи се на специјалисти за ревизија, специјалисти за управување со ризик, даночни и правни, ИТ специјалисти, актуари, проценители и други. Мобилизацијата продолжува со состаноци на тимот, на кои се дефинира и ажурира стратегијата и планот за ревизија.

- **Разбирање на клиентот и индустријата**

За постигнување на максимално разбирање на клиентот и ризиците на индустријата во која делува, ја користиме нашата рамка за деловни анализи. Деловната анализа ги опфаќа пазарот на кој клиентот делува, деловната стратегија, активностите на раководството за креирање нови вредности, и финансиските и оперативни информации кои раководството ги користи при нивните активности. Нашите ставови за деловните ризици на клиентот, стекнати со помош на рамката за деловна анализа, ги споредуваме со ставовите на раководството, со цел да придонесеме при правилното оценување на деловните ризици и креирање соодветен прилагоден ревизорски пристап, со цел да одговори на тие ризици.

*(продолжува на следната страна)*

- **Работење во согласност со Кодекс на однесување**

  Друштвото има воспоставено Кодекс на однесување кој содржи политики и процедури со цел персоналот да работи во согласност со релевантните барања за етика. Овој кодекс на етика е во согласност со Кодексот на етика воспоставен од Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководителите (IESBA) како дел од Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

- **Независност при извршувањето на ангажманот**

  Во текот на секојдневното работење, Друштвото ги идентификува и намалува на прифатливо ниво ризиците кои се појавуваат во врска со независноста, во согласност со политиките и процедурите. Како еден од механизмите е навремено известување од страна на персоналот за ново настанати ситуации кои би можеле да влијаат на независноста и преземање на соодветни мерки од страна на Друштвото.
  Дополнително, на годишно ниво Друштвото обезбедува изјава од страна на сите вработени за работењето во согласност со етичките барања воспоставени од Друштвото. Како дополнителна контрола, Друштвото подлежи на внатрешна контрола на квалитетот во текот на извршувањето на ангажманите, како и после издавањето на ревизорското мислење.

  Со ISQC 1 се утврдуваат и елементите на системот за контрола на квалитет кои Друштвата за ревизија се должни да ги воспостават.

  Условите ги покриваат следниве области:

  - Одговорност на раководството во однос на квалитетот на работа во рамките на Друштвото;
  - Условите за професионална етика;
  - Процедури за прифаќање и континуитет со клиентот, како и прифаќање на специфични ангажмани;
  - Управување со човечки ресурси;
  - Работа на реализација на проекти; и
  - Мониторинг.

Друштвото ги исполнува горенаведените услови како што следува:

## Одговорност на раководството во однос на квалитетот на работа во рамките на компанијата

Управувачката структура на Друштвото се обврза да ги презема сите дејствија потребни за да се осигура дека PwC обезбедува квалитет, независност, објективност и етичко однесување. Нашата управувачката структура редовно испраќа известувања до сите вработени во кои ја нагласува важноста од обезбедување на квалитетни услуги. Подеднакво важно е редовното информирање на вработените за новите стандарди и поврзаните насоки за да им помогне во обезбедување на висок квалитет на услуги на нашите клиенти. Управувачката структура контунирано ја нагласува важноста за одржување на стандардите за квалитет.



*(продолжува на следната страна)*

Со таквото однесување, нашето раководство покажува дека ние цврсто веруваме во нашите цели и системи за одржување на квалитет. Ова е потврдено со именување на соодветен вработен кој е одговорен за независност, управување со ризик и квалитет на ревизијата, кој пак одговара на регионален партнер.

## Етички принципи

### Интегритет и објективност

Угледот и успехот на Друштвото директно зависи од интегритетот и професионално однесување на секој партнер, овластен ревизор и вработен поединечно.
Сите членки, партнери, овластени ревизори и вработени се должни да постапуваат во согласност со стандардите на етичкото однесување на PwC Интернешнл. Овие стандарди бараат да се постапува објективно и со интегритет, професионално и со должно внимание, да се почитува доверливоста и да се покаже професионално однесување.

Нашите етички стандарди се целосно во согласност со Кодексот на IFAC и се содржани во "Кодексот на однесување" на PwC Интернешнл (во понатамошниот текст како "Кодекс на однесување"). Кодексот на однесување се претставува на сите партнери, овластени ревизори и вработени при вработувањето. Кодексот на однесување содржи, меѓу другото,"Рамката за етички одлуки", која на вработените им служи како основа за дефинирање на сопственото професионално однесување. Од партнерите, овластените ревизори и вработените се очекува да постапуваат во согласност со правилата на Кодексот на однесување во текот на работниот однос во Друштвото и нивното познавање подлежи на проверка.

За контрола и следење на етичките прашања е одговорен регионален претседател на Советот за етички прашања, додека во секое друштво како посебен и самостоен правен субјект со етичките прашања се занимава вработен со позиција на лидер во областа на етичкото однесување. Лидерот е задолжен за етички прашања на локално ниво и е одговорен за усогласеноста со важечки стандарди на етика. Секоја членка има пристап до прецизни правила за етичко однесување кои го дополнуваат нашиот Кодекс на однесување. Правилата за етичко однесување даваат насоки кои се однесуваат на прифаќање на подароци од страна на клиентите и во случај на неетичко однесување на партнерите, овластените ревизори и вработените. Партнерите, овластените ревизори и вработените анонимно може да упатуваат прашања на локален лидер во областа на етичкото однесување во врска со етичките проблеми или правилно однесување во одредена ситуација. До анонимниот комуникациски канал може да се пристапи преку веб-страницата на Друштвото, овој канал им овозможува на трети лица да доставаат жалби на неетичко однесување на партнери и лидери во својата област. Прегледот на етичките прашања и одговорите се на располагање на сите вработени.

Лидерите во областа на етичкото однесување се должни да ги испитаат сите поплаки и обвинувања за неетичко однесување и превземат сите соодветни мерки за да се спречи можна одмазда против лицето кое го пријавило случајот на неетичко однесување.

*(продолжува на следната страна)*



**Независност**

Друштвото усвои политики и прописи во областа на независноста и усогласеност со стандардите кои се применуваат за сите членки во светот и таму каде што е потребно дополнети се со рестриктивни локалните закони и прописи на професијата.

## Прифаќање и континуитет со клиентот

Друштвото применува процес на идентификување на прифатливи клиенти врз основа на системот на  PwC Интернешнл за поддршка на одлуката за прифаќање и задржување на клиенти (A&C).

Системот бара тимот на ангажманот, администрацијата и експерти во индустрискиот сектор и вработените одговорни за управување со ризикот утврдат дали ризиците поврзани со постоечки или потенцијални купувачи се прифатливи и дали ќе биде потребно да се контактира со одредена компанија, нејзиното управување и акционерите или не. Аспекти кои се разгледуваат во процесот на (A&C) се:

- Угледот на компанијата и нејзиниот менаџмент;
- Ефективноста на Управниот одбор;
- Кредибилитетот и искуството на вработените кај клиентот одговорни за финансиско известување;
- Било какво поттикнување или склоност на управувачката структура да се манипулира со искажаните резултати;
- Секој невообичаено агресивен или креативен пристап кон сметководственото прикажување;
- Сите трансакции кои се сложени, невообичаени или кои тешко може се проценат; Сите проценки кои вклучуваат несигурност или субјективни одлуки;
- Сите трансакции со поврзаните субјекти кои не се дел од консолидираната група;
- Било каква индикација дека компанијата може да има финансиски тешкотии;
- Стручно знаење кое е потребно да може да се изврши одредена работа.

A&C е моќна алатка за поддршка, но основниот столб на нашето прифаќање и задржување на клиентите е значајното време вложено од страна на лицата кои се одговорни за управување со ризикот и други партнери и овластени ревизори.

*(продолжува на следната страна)*

## Управување со човечки ресурси

***Вработувањата*** се спроведуваат по строго утврдени стандарди независно од тоа дали станува збор за практиканти или за кандидатите со искуство. Се осврнуваме на академскиот успех на поединецот, проверка на знаења неопходни за конкретната позицијата, поединечни разговори, проверка на веродостојноста на образованието и референците.

***Професионален развој:*** Учењето е континуиран процес. Започнува при самото вработување на поединецот и продолжува во текот на целата негова кариера. Вработените се дел од локални и меѓународни формални обуки, а се обучуваат и преку работата. Областите кои ги покрива едукацијата вклучуваат компетенции во сметководство, ревизија, етика и независност, како и специјализирани области во кои работи поединецот (специфични индустрии). Нашите партнери и овластените ревизори континуирано се обучуваат, едуцираат, развиваат а непосредно се вклучени и во обучувањето на вработените преку работата. Клучна одговорност на партнерите и овластените ревизори е: надзор, обучување и доусовршување, како и размена на искуства со сите членови на тимот.

PwC креира окружување во кое Партнерите, овластените ревизори и вработените континуирано се доусовршуваат и развиваат. За таа цел имаме развиено широка палета на алатки, на база на кој може да се дизајнира специфична едукативна програма за секој поединец од аспект на неговите ангажман, улога и одговорност.

PwC исто така гарантира почитување на професионалните стандарди заедно со потребното стручно образование. Нашите едукативни програми континуирано се ажурираат како би им пружиле развој, вештини и искуства на нашите луѓе кои им се потребни како експерти кои обезбедуваат клиентски услуги.

***Надзор и насочување:*** Партнерот и овластениот ревизор на чело на ангажираниот тим имаат одговорност да ги алоцираат стручните квалификации на вработените кои го имаат потребното искуство во дадени околности. Тие воедно се одговорни и за утврдување на опсегот на насочување, надзор и преглед на работата на помалку искусните вработени на кои им се доделени работни задачи.

***Напредување:*** Перформансот на партнерите, овластените ревизори и вработените се оценува на годишна основа преку евалуација на резултатите од работата во којашто учествуваат вработените од различни хиерархиски нивоа. Вработените добиваат формална повратна информација за секој ангажман на кој поминале 40 или повеќе часа. Сите вработени формално се оценуваат најмалку еднаш годишно преку коментари од страна на партнерите и надредените со кои работеле на одреден проект. PwC ја поттикнува, признава и наградува тимската работа. Нашата методологија е изработена на начин да обезбеди квалитетен производ и непречен развој на нашите луѓе. Методологијата предвидува и можност за неформално давање на оценка во текот на самиот ангажман. Сето горенаведено е обединето во годишната оценка на вработените на база на воспоставените вредности, индивидуално поставените цели за соодветната година, како и соработката на колегите.



После годишната анализа и оценка на годишните резултати на секој вработен, менаџерскиот тим одржува состанок чија цел е уште еднаш да се проверат и потврдат ставовите.

*(продолжува на следната страна)*

Работата на менаџерскиот тим најмалку еднаш годишно се оценува и анонимно од страна на вработените од пониските хиерархиски нивоа - Upward feedback програмата. Во процесот се оценува целокупниот ангажман на вработениот вклучувајќи го неговиот однос кон колегите и клиентите, како и неговите јаки и слаби страни. Во случај да се утврдат одредени слабости, поединецот добива поддршка во вид на совет/препорака или обука која ќе му помогне да ја надмине конкретната слабост.

PwC го спроведува и анонимното истражување Global People Survey во кое од секој вработен се очекува да го искаже својот став за различни сфери од делувањето на компанијата. Резултатите од истражувањето се од огромно значење за менаџерскиот тим кој презема активности за надминување на идентификуваните проблеми.

## Извршување на ангажманот

***Доследна глобална ревизорска методологија:*** Сите PwC друштва применуваат ревизорска методологија и процес за сите ревизорски работи со цел обезбедување на усогласеност и доследност во пристапот. Методологијата по потреба се унапредува за да биде во согласност со промените во окружувањето. Сите партнери, овластени ревизори и вработени континуирано се обучуваат за примената на оваа методологија.

Нашата методологија е доволно флексибилна, што дозволува вклучување на дополнителни процедури кои локалните прописи може да ги бараат.

***Сеопфатни политики и процедури:*** Постојат сеопфатни политики и процедури со чија помош се управува нашата сметководствена и ревизорска пракса, а истите постојано се ажурираат како би се одржувале најновите промени во струката и нашата локална работна околина со цел решавање на прашањата кои се јавуваат, како и потребите и проблемите во пракса. Наведените политики не ги опфаќаат само стручните и регулаторни стандарди, туку и насоките кои му ги даваме на нашиот стручен тим за тоа како е најдобро тие да се применат. Истите се достапни во облик на електронски датотеки и бази на податоци, редовно се ажурираат и надополнуваат со сите актуелни случувања и достапни им се на нашите вработени на кое било место во кое било време.

***Контроли на квалитетот специфични за ангажманот:*** Постојат низа други процедури за контрола на квалитетот кои посебно се спроведуваат за одредени ревизорски ангажмани заради нивната присутност во јавноста или зголемениот ризик. За нив се именува независен партнер за преглед на квалитетот (Quality Review Partner - QRP), кој за сите значајни прашања поврзани за ревизорскиот ангажман разговара со одговорните лица кои го водат проектот. QRP е одговорен за независно оценување на планот на ревизијата, неговото извршување, решавање на значајните прашања, финансиските извештаи и објави, како и соодветноста на ревизорскиот извештај на друштвото. Во политиките на PwC се наведени посебни критериуми кои служат како сигурност дека доделениот QRP има соодветно ниво на искуство и стручно знаење за индустрискиот сектор потребно за извршување на таа улога.

Нашите политики исто така подразбираат консултации со нашите меѓународни технички експерти, како и експерти за одредени индустриски сектори во врска со специфични трансакции и околности кои можат да бараат примена на значајна рассудувања. Партнерите, QRP-те и овластените ревизори ангажирани на ревизорски клиенти подлежат на ротација согласно законската регулатива и политиките на PwC.

*(продолжува на следната страна)*

***Сметководствени и ревизорски ресурси:*** Кај нас, консултациите се клучен елемент за контрола на квалитетот. Нашиот тим задолжен за сметководствено-технички прашања ги вклучува партнерите, овластените ревизори и вработените експерти за сметководство и ревизија. Ако партнерот или овластениот ревизор на проектот не се сложуваат со советите на нашите технички експерти, постои формален процес за разгледување на прашањето согласно нашите интерни процедури се додека истото не се разреши.

Во врска со сметководствената рамка за известување формирана е регионална група кој се грижи нашите тимови, да ги оценуваат финансиските извештаи на нашите клиенти на доследен начин и во согласност со вистинската намена на тие стандарди. Клучниот елемент на групата е независен преглед од страна на нашиот регионален тим за услуги на сметководствено советување (Accounting Consulting Services – ACS) и изготвените финансиски извештаи.

***Тимови задолжени за ризикот и квалитетот***

Ресурсите на PwC во поглед на управувањето со ризиците, нудењето услуги и утврдувањето на политиките се значајна функција, интерно се нарекуваат Ризик и квалитет (R&Q). R&Q ги вклучуваат следниве клучни функции: управување со ризиците, независност, сметководствени услуги (ACS), регулаторни прашања, ревизорски услуги, обука и развој, етика и деловно однесување.

Функцијата за управување со ризиците ги применува глобалните политики и процедури за управување со ризиците на PwC  кои се дополнети и прилагодени за локалните потреби. Клучна одговорност на партнерите и овластените ревизори задолжени за управувањето со ризиците е да бидат составен дел при постапката за прифаќање и континуитет на клиентот, одговорни за проценка на ризикот за квалитативна и квантитативна основа. Како надополнување на ова партнерите и овластените ревизори задолжени за управувањето со ризиците мораат онаму каде што тоа е потребно, да бидат активно вклучени во тимовите за да бидат консултирани е продолжувањето на соработката со клиентот.

Постојат формални процедури со кои се утврдуваат околностите во кои проектните тимови мораат да се консултираат со R&Q тимот. Оваа група на независни и искусни партнери и овластени ревизори е фокусирана на квалитет, а потекнува од промените во политиките и процедурите таму каде што тоа е потребно.

## Мониторинг (надзор)

Постои програма за следењето на квалитетот пред и по завршување на ревизорскиот ангажман кој е дел од програмата на PwC во глобални рамки. Овој програм се состои од прегледот на усогласеноста со ангажманот (Engagement Compliance Review – ECR), преглед со управувањето со квалитетот (Quality management review – QMR) и проценка на квалитетот на ревизијата (Audit quality assurance – AQA) што вклучува преглед на ревизорскиот извештај и целосната ревизорска документација пред и после издавањето на извештајот.

Програмот вклучува преглед на работата на партнерот и овластените ревизори од сите аспекти на контролата на квалитет како би се осигурало дека контролата на квалитетот правилно функционира односно како би можеле да се стекнеме со разумно уверување дека постапуваме во согласност со сите применливи стандарди на професијата и нашите политики и процедури. Со оваа програма управува и ја надгледува R&Q тимот.

Прегледот на проектот го водат искусни партнери и овластените ревизори со соодветно искуство во индустрискиот сектор кои не се поврзани со ревизијата или со одделот кај кој се врши ревизија. Членовите на секој тим добиваат обука и насоки за извршување на своите задачи.

*(продолжува на следната страна)*

Надзорот вклучува периодично тестирање на ефикасноста при управувањето со квалитет во сите функционални области на ISQC 1. Исто така се извршува и годишно испитување на следењето на нашите политики и процедури за секое од областите на ISQC 1, покривајќи контроли (на ротациска основа) и процедури за надзор.

## Внатрешни контроли на квалитет

### Политики и процедури

Како основен систем за внатрешна контрола на квалитет се користи QMS системот –со посебни алатки и бази на податоци за документирање на ISQC 1 системот на квалитет во зависност на видот на контрола ECR/ QMR /AQA .

Контролата се врши од страна на посебни тимови, зависно од видот на контролата ECR, QMR или AQA.

Одговорното лице на ниво на PwC ги одредува ECR/ QMR /AQA тимовите според нивото на одговорност на членовите: Партнери, Директори, Менаџери од рамките на PwC.

Секој поединечен вид на контрола ECR, QMR и AQA се врши секои три години, но не во иста година.

За листата на одбрани ангажмани за контрола соодветно се информира одговорниот партнер и овластените ревизори на PwC канцеларијата.

Контролата се однесува и на политики и процедури кои постојат на ниво на PwC канцеларија како и на ниво на одделни ангажмани. Начинот на кој контролниот циклус е организиран вклучува селекција на посебни ангажмани, зависи од многу фактори, како што се:

- Големината на PwC канцеларијата;
- Бројот на PwC канцелариите и нивната географска локација;
- Резултати на претходната контрола на ангажманите и политиките/ процедурите;
- Степенот на одговорност и надлежност кој го имаат вработените и PwC канцелариите;
- Природата и комплексноста на практиките на PwC канцеларијата и организираноста;
- Ризиците поврзани со клиентите на PwC канцеларијата и ангажманите.

Процесот на контрола вклучува избор на индивидуални ангажмани, но воедно може да се изберат некои ангажмани без претходно известување на тимот на ангажманот. При утврдувањето на обемот на контролата, може да се земат во предвид заклучоците на независните надворешни инспекциски програми. Во секој случај, надворешната инспекциска програма не е замена за контролата во рамките на PwC.

Кога резултатите од контролата се добиени и финализирани, одговорниот партнер за контролата ги разгледува резултатите, со цел да се утврди причината за идентификуваните недостатоци и комуницира со партнерот одоговорен на PwC канцеларијата за да се преземат соодветни мерки со цел разрешување на идентификуваните недостатоци поврзани со соодветните системи и одговорни лица, доделувањето на задачи на тимовите, ротација на членовите на тимот и сл.

Понатаму следува комуникација со партнерите и овластените ревизори на ангажманите и другите одговорни лица за недостатоците откриени како резултат на контролата и препораките како корективна акција.



*(продолжува на следната страна)*

Препораките за корективни акции за откриените недостатоци треба да вклучат:

- Превземање на акција за ангажманот или член на тимот;
- Комуникацијата за наодите со одговорните за обука и професионален развој;
- Промени во контролата на квалитет на политиките и процедурите; и
- Дисциплинска акција заради непочитувањето на политиките и процедурите на фирмата, особено за оние кои тоа го прават во повеќе наврати.

## Архивирање и чување на податоци



Во врска со архивирањето на главните системи, одредено според политиките на PwC, кои се користат на ниво на PwC канцеларија, се системите Engagement management website и Transearch.
Овие системи се користат за:

- Комплетирање на финалното досие на ангажманот 60 дена по издавањето на ревизорскиот извештај (или пократок период ако е така според регулативата во земјата);
- Управувањето со алатката Аура - базата на податоци при завршувањето на ангажманот користејќи одредени функции;
- Задржување само на конечната верзија на електронски или податоци во хартиена форма за архивирање и бришење на претходните верзии;

Архивирањето е утврдено автоматски во Аура базата врз основа на датумот на издавање на извештајот внесен во системите Engagement management website и Transearch. Промени во архивираната Аура база е забрането со политиката на PwC и само администратор за информатички технологии на PwC има пристап до функцијата која овозможува отворање на архивираните податоци во случај на потреба.

Периодот на задржување за електронските Аура бази на податоци во PwC е утврден според регулативата на PwC и регионални барања. Постојат имплементирани процедури за надгледувањето на периодот за задржување или уништување на електронските податоци.
Надгледувањето на периодот на задржување или уништување на хартиените податоци се врши на ниво на PwC канцеларија.

Партнерот за управување со ризик најмалку еднаш годишно го разгледува извештајот на архивираната документација од ангажманот и одлучува дали таа да биде уништена.
Процесот за надгледување на комплетноста на податоците се регистрира во Transearch системот за архивирање. За секој ангажман контролата се врши од одговорното лице на ангажманот или менаџерот на тимот. За Transearch, за техничките прашања контрола се врши од одговорниот за архивирањето. Постои формален процес за потребите на селекцијата и надгледувањето на надворешните архивски постапки.

Постои процес за надгледување на комплетноста на хартиените документи регистриран во Transearch системот, архивирање или уништување на хартиените документи.

Секоја PwC канцеларија има утврден процес за обезбедување на комплетност на хартиените документи во системите за управување со податоците.

*(продолжува на следната страна)*

Чувањето и надзорот се предмет на локалните барања и надзор на секоја PwC канцеларија. Надгледувањето на архивирањето и уништување на податоците е одговорност за секоја канцеларија.

## 5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Сеопфатната контрола на Друштвото беше направена во ноември 2014 година од контролори на квалитет во ИОРРМ. Внатрешната контрола на друштвото беше анализирана и тестирана и се избраа и проверија три ревизорски ангажмани за годината што заврши на 31 декември 2013 година.

Друштвото е под константен процес за контрола на квалитетот од внатрешните форми на контрола на PwC инт. на годишно ниво или по потреба како што е објаснето погоре.



## 6. Список на субјекти на кои е извршена законска и договорна ревизија во текот на 2019  година

### *Список на субјекти на кои е извршена законска ревизија*

Во 2019 година извршени се законски ревизии на следниве субјекти:

- Македонски Телеком АД – Скопје
- Каменимост Комуникации АД - Скопје во ликвидација
- Рехау ДООЕЛ – Скопје
- Империал Тобако ТКС АД - Скопје
- Филип Морис ТКП ДОО - Скопје
- Пивара АД – Скопје
- Адиент Аутомотиве ДООЕЛ – Штип
- Адиент Аутомотиве ДООЕЛ – Струмица
- ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ – Скопје
- ЛЕК ДООЕЛ - Скопје
- Шенкер ДООЕЛ – Скопје
- Кромберг и Шуберт Македонија ДООЕЛ – Битола
- Порше Македонија ДООЕЛ – Скопје
- Порше Лизинг ДОО – Скопје
- Порше Брокер АД – Скопје
- Ериксон Телекомуникации Македонија ДОО експорт-импорт - Скопје
- Кроација Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот Скопје
- Кроација Осигурување АД – Друштво за неживотно осигурување Скопје
- Цементарница УСЈЕ АД - Скопје
- Рамсторе Македонија ДОО - Скопје
- Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ – Кичево
- Плива ДООЕЛ – Скопје
- Рудник САСА ДООЕЛ - Македонска Каменица
- ЦМК Европа ДООЕЛ - Скопје
- Гринтех МК ДОО - Скопје
- ПроКредит Банка АД - Скопје
- Стопанска Банка АД - Скопје
- Фриком Београд ДООЕЛ - Скопје
- ФД Динерс Клуб Интернационал МАК ДООЕЛ - Скопје
- Осигурување Македонија АД -  Скопје
- Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје
- Шпаркасе Лизинг ДОО - Скопје
- Винер – Виена иншуренс груп АД - Скопје
- Винер Лајф - Виена иншуренс груп АД - Скопје
- ЕФТ Македонија ДООЕЛ – Скопје
- Џонсон Мети ДООЕЛ Скопје
- Макстил АД
- ТИГО Фајнанс ДООЕЛ Скопје
- Гринтек МК ДОО Скопје



*Список на субјекти на кои е извршена договорна ревизија*

Во 2019 година извршени се договорни ревизии на следниве субјекти:

- Филип Морис ДООЕЛ во ликвидација– Скопје
- Шмиц Каргобул Македонија - Скопје
- Ново Нордиск Фарма ДООЕЛ – Скопје
- ЦМК Ресорсис
- Организација за поврзување на природни вредности и луѓе – Подружница во РМ
- Македонски парламентарен институт (МПИ)

## 7. Концепт на независното работење на друштвото

Регионалниот партнер за независност со поддршка на локален партнер, овластени ревизори за независност и вработени ги следат строгите законски и професионални барања и барањата на PwC за независност во однос на финансиските интереси, обезбедување на услуги и деловни односи со клиентите. PwC имплементираше програма и систем за следење на усогласеноста со независност. Системот на контроли покрива следниве клучни фактори:

- Политики и процедури за независност;
- Автоматски систем за следење на компании со ограничувања;
- Континуирана обука на независноста;
- Процес на самопроценка/потврда која секоја година го извршуваат сите партнери, овластените ревизори и вработени;
- Внатрешен систем за контрола и мониторинг на независноста;
- Одговорност за независноста на нашиот систем за контроли;
- Соодветен став на Управувачката структура и култура во однос на независноста;
- Известување за преговори на вработените со клиентите за вработување;
- Известување од страна на вработените на потенцијални или воочливи повреди на независноста;
- Дисциплинската политики и процеси; и
- Контрола на заедничките проекти со трети лица, односи со клиенти и договори за хонорар.

Овој систем резултира со потреба дека партнерите, овластените ревизори и вработените треба да проверат и документираат било какви сомневања во врска со независноста на PwC во однос на прифаќањето на клиентот или посебен ангажман. Пред да се прифати клиентот се вршат истражни дејствија од страна на партнерите и овластените ревизори одговорни за ревизија на клиентот. Ангажирање на клиентот ќе биде дозволено само во случај кога партнерот потврдува дека предложениот ангажман не претставува закана за независноста или дека можат да се применуваат соодветни процедури за да се неутрализира било каков ризик за независност.



*(продолжува на следната страна)*

Важен аспект на нашата култура на независност е централната поддршка на партнерите, овластените ревизори и вработени во врска со независноста во однос на лични прашања, дополнителни услуги или договори за наградување. Кога клиентот не сака да прифати јасни сметководствени насоки, ревизорски наоди на материјалните прашања или се однесува неетички, PwC поддржува одговорен партнер и овластен ревизор во донесување соодветни одлуки за мислење на ревизорот, дури ако тоа значи крај или одбивање на деловниот однос со клиентот.

## 8. Континуирано професионално усовршување

Како што е споменато во делот за квалитет на ревизијата, членките на PwC мора целосно да учествуваат во програма за континуирана едукација на вработените. Освен што ги посетуваат интерно креираните обуки, од нашите и овластените ревизори се бара да присуствуваат на задолжителна обука во период од најмалку 40 часа годишно организирана од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија. Одделението за обука и развој на вработените е одговорно за учество на партнерите, овластените ревизори и вработените во интерните PwC програми. За секое ниво на стручност постои годишен програма за обука создадена од страна на PwC.



## 9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци

Друштвото ги нуди следните услуги:

1. Законска и договорна ревизија на финансиските извештаи;
2. Останати ангажмани за уверување;
3. Техничка помош при имплементација на интерни политики;
4. Советодавни услуги за соодветни сметководствени третмани;
5. Техничка помош при изготвување на финансиски информации;
6. Обуки во рамките на PwC академијата; и
7. Приходи од работа на наши вработени во останати канцеларии на PwC.

| *Остварени приходи* | *износ во МКД* | |
|---|---|---|
| | *2019* | *2018* |
| Ревизорски услуги на годишни и консолидирани сметки | 47.793.285 | 49.524.801 |
| Приходи од дополнителни услуги на уверување во квалитет | 2.712.802 | 5.037.881 |
| Приходи од советодавни услуги | 4.666.638 | 3.256.175 |
| Други неревизорски услуги | 52.556.703 | 55.300.870 |
| **Вкупно** | **107.728.428** | **113.119.727** |



## 10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Друштвото го утврдува хонорарот на овластените ревизори врз основа на оставрување на годишни индивидуално поставени цели, а во согласност со своите должности и одговорности. Овие цели се однесуваат на остварување на резултати, исполнување на одредени обврски, спроведувањето на стандардите на контрола на квалитетот на ревизиите, ефикасност, професионални и технички вештини, искуство и вештини за управување, како и апсолутно почитување на прописите од областа на интегритет и независноста на ревизорот.



## 11. Прилог 1

***Изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на систем за контрола на квалитет***

Јас, долупотпишаниот Драган Давитков, Управител на Друштвото, изјавувам дека усвоениот внатрешен систем на контрола на квалитетот на Друштвото ефикасно функционира. Воедно успешно се врши спроведување на пропишаните политики и процедури во работењето во врска со внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото.

Скопје, 31 март 2020 година

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО - Скопје

______________________________

Драган Давитков, Управител

## 12. Прилог 2

***Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени***

Јас, долупотпишаниот Драган Давитков, Управител на Друштвото, изјавувам дека Друштвото работи независно и воедно потврдувам дека во Друштвото постојат интерни процедури за ефикасна проверка на усогласеноста на независноста и дека истите успешно се спроведени.

Скопје, 31 март 2020 година

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО - Скопје

Драган Давитков, Управител

## 13. Прилог 3

***Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година***

Јас, долупотпишаниот Драган Давитков, Управител на Друштвото, изјавувам дека Друштвото ги следи сите воспоставени политики од страна на PwC и Законот за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година.

Скопје, 31 март 2020 година

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје

Драган Давитков, Управител



© 2020 ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО. Сите права се задржани.

“ПрајсвотерхаусКуперс” се однесува на македонската фирма ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО или, во однос на контекстот, мрежата на фирми на PricewaterhouseCoopers International Limited, од која секоја е одделно и независно правно лице.